**Согласно годишната програма за работа на училиштето за учебната 2025/26 година, на ден 30.09.2025, со почеток во 12:30 часот, беше свикана конститутивната седница на ученичкиот совет. На седницата присуствуваа сите претседатели на класови од сите години.На дневен ред на седницата беа следниве точки:**

**1.Избор на претседател, заменик претседател и секретар на ученичкиот совет.**

**2.Избор на координатори за секоја година (по еден за секоја).**

**3.Усвојување на новата програма за работа на ученичкиот совет на училиштето.**

**4.Усвојување на протокол/деловник за работењето на ученичкиот совет на училиштето.**

**- По разгледување на првата точка од дневниот ред, за раководство на ученичкиот совет беа избрани:**

**Претседател: Ања Петрушевска (III-1 клас)**

**Заменик претседател: Илија Димитровски (II-3 клас)**

**Секретар: Маркијан Јовчев (I-1 клас)**

**-За избор на координатори на училишни години беа избрани:**

**Прва година: Ева Шенкова (I-3 клас)**

**Втора година: Ева Ѓориќ (II-1 клас)**

**Трета година: Матеја Цветковска (III-3 клас)**

**Четврта година: Никодим Петрушевски (IV-4 клас)**

**- Програмата и планот за работа на ученичката заедница беа прочитани и едногласно усвоени.**

**- Протоколот / деловникот за работењето на ученичкиот совет на училиштето исто така беше прочитан, ставен на гласање и едногласно усвоен.**